**20160461208**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 4 став (8) од Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на Република Македонија“ број 196/15), министерот за правда донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАСОКИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНИ АКТИ ЗА ЗАШТИТЕНО ВНАТРЕШНО ПРИЈАВУВАЊЕ ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ ВО ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат насоките за донесување на внатрешни акти за заштитеното внатрешно пријавување во правното лице во приватниот сектор.

Член 2

Правните лица во приватниот сектор при донесување на внатрешните акти за заштитено внатрешно пријавување треба да ги имаат предвид одредбите од Законот за заштита на укажувачи и подзаконските акти со кои се пропишува заштитеното внатрешно пријавување во јавниот сектор и заштитеното надворешно пријавување, во однос на:

а. пристапност до лице односно место за заштитено внатрешно пријавување и достапност на внатрешниот акт за заштитено внатрешно пријавување за сите вработени во правното лице;

б. ништовност на одредбите во актите и договорите со кои се уредуваат права од работен однос и работни ангажмани, со кои се забранува пријавување на сомневање или сознание за казниво дело или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес, безбедноста и одбраната или пак таквото пријавување се дефинира како прекршување на одредби за доверливост, лојалност и професионалност;

в. заштита на укажувачот и нему блиско лице од било каков вид на повреда на право или штетно дејствие или опасност од настапување на штетни дејствија заради извршено пријавување;

г. проширување на заштитата од потточката в. за да опфати и други лица;

д. забрана за откривање или овозможување откривање на идентитет на укажувач, освен кога тоа се бара со судска одлука;

ѓ. заштита на личните податоци на укажувачот;

е. заштита на податоците и примените пријави, записниците, примените или создадени документи и други материјали во врска со заштитеното пријавување;

ж. правото на укажувачот без одлагање односно во утврден рок согласно закон да биде информиран за преземените мерки во врска со пријавата и преземените мерки за заштита;

з. упатување на заштитено надворешно пријавување односно заштитено јавно пријавување;

ѕ. собирање податоци за воведеното заштитено внатрешно пријавување со цел негово унапредување врз основа на самооценка.

Член 3

Здружение, комора или друга форма на организација на здружени правни лица во приватниот сектор каде е воведено и воспоставено заштитено внатрешно пријавување може со процедурите односно каналот за заштитено внатрешно пријавување да опфати и повеќе правни лица, така што правните лица кои со свој акт пристапиле да ја користат процедурата односно каналот за заштитено внатрешно пријавување во организацијата на здружени правни лица ќе се смета дека имаат воведено заштитено внатрешно пријавување согласно актот донесен од страна на организацијата.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-1120/1
3 март 2016 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Аднан Јашари,** с.р.